Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 04- 945/10

Датум: 12. 10. 2023

Врз основа на член 52, став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 275/2019, 14/2020, 112/2021, 215/2021 и 99/2022), генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе:

# О Д Л У К А

За избор на кандидат по интерен оглас број 2/2023 за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас бр.2/2023 за унапредување на административен службеник во Инспекцискиот совет, објавен на 04.10.2023 година на веб страните на Инспекцискиот совет и Агенцијата за администрација, од предложената финална ранг листа за работното место УПР 01 01 В01 000 – Советник за претставки и предлози, се избира кандидатот **Чедомир Стефаноски**.
2. Кандидадот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување.
3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за унапредување на административен службеник формирана со Решение број 04-945/7 од 09.10.2023 година, од генералниот секретар на Инспекциски совет, во функција на спроведување на постапка за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 од оваа одлука, а по објавувањето на интерниот оглас бр.2/2023 на 10.10.2023 година на веб страните на Инспекцискиот совет и Агенцијата за администрација, спроведе постапка за селекција за унапредување на наведеното работно место.

По спроведената постапка за административна селекција и интервјуто спроведено од Комисијата унапредување на административен службеник, Комисијата изготви Записник бр.04-945/9 од 10.10.2023 година заедно со финална ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата со Предлог кандидат за унапредување на административен службеник по интерениот оглас бр. 2/2023, врз основа на кои генералниот секретар на Инспекциски совет изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Републикa Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје
Shkup

Подготвил: Симона Пашоска, советник
Проверил: Маја Срезоска, раководител на Сектор

Доставено до:

- кандидатот
- Одделение за општи и заеднички работи
- архива